РЕПУБЛИКА Е МАҚЕДОНИСЕ SЕ VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 15. 01. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број: Numri | Прилог: Shtojca | Вредност: Vlera |
| 16 - | 353/1 | | |

2

( Образец ПП……)

**До: Министерство за транспорт и врски на Р.С.Македонија**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

… презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Во кои се случаи министерството за транспорт и врски има надлежност да одлучува како второстепен орган по жалба на странки, каде како првостепен орган ослучувале општините?

2. Дали министерството за транспорт и врски одлучува по жалба против надлежен градежен инспектор кој не издал решение за отстранување на дивоградба согласно законот за градење?

3. Кој е надлежен за спроведување на одредбите за законот за градење?

4. Колку жалби од странки се пристигнати до министерството за транспорт и врски во врска со предмети – барања кои во прв степен одлучувале општините во 2021, 2022, 2023 и 2024 год.?

5. Колку од овие жалби се во врска со непостапување во законски рок за 2021, 2022, 2023 и 2024 год?

6. Ве замолувам да изготвите табела со број на жалби во специфичните години 2021, 2022, 2023 и 2024 год , во табелата да има податок
   - против кои општини, колкав број на предмети и против кој сектор во општината.

7. Процентуално против кој сектор на општините има поведено најмногу жалби во 2021, 2022, 2023 и 2024 год и колкав број во секоја општина.

8. Колку од поднесените жалби биле усвоени и вратени на прв степен, колку биле усвоени и мериторно решени, колку биле отфрлени во 2021, 2022, 2023 и 2024 год од страна на министерството за транспорт и врски.

9. Колку од поднесените жалби биле мериторно решени во 2021, 2022, 2023 и 2024 год.

10. Колку управни спорови има поведено против решение на министерството за транспорт и врски во 2021, 2022, 2023 и 2024?

11. Колку решенија на министерството за транспорт и врски се поништени од управниот суд во 2021,2022,2023,2024?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO Box 561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO Box 561 [illegible] +389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Република Северна Македонија

## Министерство за транспорт

14.февруари.2025
арх. бр. 16-353/2

Врз основа на член 20 став (1), од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт донесе:

### РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од баратело
доставено преку електронска пошта и заведено во Министерството под бр. 16-353/1 од 15.01.2025 година се уважува.

### Образложение

До Министерството за транспорт и врски барателот
достави Барање за пристап до информации од јавен карактер со следната содржина:

„Во кои се случаи министерството за транспорт и врски има надлежност да одлучува како второстепен орган по жалба на странки, каде како првостепен орган ослучувале општините? 2. Дали министерството за транспорт и врски одлучува по жалба против надлежен градежен инспектор кој не издал решение за отстранување на дивоградба согласно законот за градење? 3. Кој е надлежен за спроведување на одредбите за законот за градење? 4. Колку жалби од странки се пристигнати до министерството за транспорт и врски во врска со предмети – барања кои во прв степен одлучувале општините во 2021, 2022, 2023 и 2024 год.? 5. Колку од овие жалби се во врска со непостапување во законски рок за 2021, 2022, 2023 и 2024 год? 6. Ве замолувам да изготвите табела со број на жалби во специфичните години 2021, 2022, 2023 и 2024 год , во табелата да има податок - против кои општини, колкав број на предмети и против кој сектор во општината. 7. Процентуално против кој сектор на општините има поведено најмногу жалби во 2021, 2022, 2023 и 2024 год и колкав број во секоја општина. 8. Колку од поднесените жалби биле усвоени и вратени на прв степен, колку биле усвоени и мериторно решени, колку биле отфрлени во 2021, 2022, 2023 и 2024 год од страна на министерството за транспорт и врски. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695 Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk 9. Колку од поднесените жалби биле мериторно решени во 2021, 2022, 2023 и 2024 год. 10.Колку управни спорови има поведено против решение на министерството за транспорт и врски во 2021, 2022, 2023 и 2024? 11.Колку решенија на министерството за транспорт и врски се поништени од управниот суд во 2021,2022,2023,2024?"

Во продолжение ви доставуваме одговор кој се однесува на бараните информации, добиен од надлежниот Сектор за управно-надзорни работи при Министерството за транспорт:

Во врска со Вашето прво прашање, ве известуваме дека Министерството за транспорт и врски изготвува акти од обласа на управните работи во втор степен, постапувајќи по жалби и поднесоци на физички и правни лица. Ова се однесува на акти поврзани со издавање одобренија за градење, утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, градежно

Република Северна Македонија

## Министерство за транспорт

Во врска со Вашето второ прашање, ве известуваме дека министерството не е надлежно да одлучува по акти донесени од овластени градежни инспектори.

Во врска со Вашето трето прашање, ве известуваме дека во Република Северна Македонија, за спроведување на Законот за градење се надлежни повеќе институции, во зависност од фазата на градба и видот на проектот.

Во однос на останатите Ваши прашања, ве информираме дека Секторот за управно-надзорни работи, поточно Одделението за управни работи во втор степен при Министерството за транспорт и врски, до Државниот управен инспекторат, согласно член 10 од Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција во управната статистика („Службен весник на РМ" бр. 2/2009), доставува полугодишни и годишни извештаи. Овие извештаи содржат податоци за управната статистика за предмети од второстепена управна постапка во надлежност на Министерството за транспорт и врски, но исклучиво во форма на вкупни бројки за решени и нерешени предмети, како и предмети за кои е покренат управен спор пред Управниот суд.

Контрола над работата и спроведувањето на законските прописи, како и роковите за постапување, во согласност со законската регулатива, врши Државниот управен инспекторат, преку редовни и вонредни инспекциски надзори.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * СКОПЈЕ · SHKUP

Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите кои ги создало и со кои располага Министерството за трапорт и врски


Ул. „Црвена скопска општина" бр.4, Скопје
+389 2 3145 436
www.mtc.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup
Примено / Pranuar: 15. 01. 2025
16-354/1

**До: Министерство за транспорт**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

____________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:__

1. **Достава на планираниот буџет на Министерството за транспорт и врски/Министерство за транспорт за секоја година од 2014 година заклучно со 2025 година, со детално наведени проекти и сума за секој од нив, не само вкупната сума по ставки.**
2. **Достава на реализираниот буџет на Министерството за транспорт и врски за секоја година од 2014 година заклучно со тековната 2024 година до сега, со детално наведени проекти и сума за секој од нив, не само вкупната сума по ставки. Пример, за ставките водовод и канализација за општините, проект за водоснабдување и одведување на отпадни води да се наведат кои точно проекти се спровеле и сумата за секој од нив. За ставката гасификација да се наведе што точно е реализирано, кои проекти и сумата за секој до нив.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил - Изречено барам сите документи и информации да ми се доставаат електронски на наведената е-маил адреса, а не по пошта.**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Република Северна Македонија

# Министерство за транспорт

16 јануари, 2025
арх. бр. 16-354/2

Врз основа на член 20 став (1), од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот од Скопје, доставено преку електронска пошта и заведено во Министерството под бр. 16-2484/1 од 02.07.2024 година се уважува.

**Образложение**

До Министерството за транспорт и врски барателот преку електронска пошта достави Барање за пристап до информации од јавен карактер со следната содржина:

„1. Достава на планираниот буџет на Министерството за транспорт и врски/Министерство за транспорт за секоја година од 2014 година заклучно со 2025 година, со детално наведени проекти и сума за секој од нив, не само вкупната сума по ставки.

2. Достава на реализираниот буџет на Министерството за транспорт и врски за секоја година од 2014 година заклучно со тековната 2024 година до сега, со детално наведени проекти и сума за секој од нив, не само вкупната сума по ставки. Пример, за ставките водовод и канализација за општините, проект за водоснабдување и одведување на отпадни води да се наведат кои точно проекти се спровеле и сумата за секој од нив. За ставката гасификација да се наведе што точно е реализирано, кои проекти и сумата за секој до нив."

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт како имател на информации констатира дека располага со бараните информации.

Во прилог на ова решение ви доставуваме материјал кој се однесува на бараните информации, добиен од надлежниот Сектор за финансиски прашања при Министерството за транспорт.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите кои ги создало и со кои располага Министерството за транспорт и врски


Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје
+389 2 3145 436
www.mtc.gov.mk

## Буџетот на Република Македонија

2014

Буџетот на Република Македонија за 2014 година

“Службен весник на РМ, бр. 180 од 23.12.2013 година

Изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2014 година

“Службен весник на Република Македонија “ број 180/2013)

2015

Буџетот на Република Македонија за 2015 година

“Службен весник на РМ, бр. 155 од 24.10.2014 година

Изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2015 година

“Службен весник на Република Македонија “ број 155/2014)

2016

Буџетот на Република Македонија за 2016 година

“Службен весник на РМ, бр. 209 од 26.11.2015 година

Изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2016 година

“Службен весник на Република Македонија “ број 209/2015

“Службен весник на Република Македонија “ број 209/2015 и 143/2016

2017

Буџетот на Република Македонија за 2017 година

“Службен весник на РМ, бр. 191 од 17.10.2016 година

Изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2017 година

“Службен весник на Република Македонија “ број 191/2016

Одлука за прераспределба на средства 2017

“Службен весник на РМ, “ бр. 167 од 20.11.2017 година

2018

Буџетот на Република Македонија за 2018 година

“Службен весник на РМ, бр. 196 од 28.12.2017 година

Изменување  и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2018 година

“Службен весник на Република Македонија “ број 196/2017

Одлука за прераспределба на средства 2018

Службен весник на РМ, бр. 140 од 30.7.2018 година

2019

Буџетот на Република Македонија за 2019 година

“Службен весник на РМ, бр. 238 од 25.12.2018 година

Изменување  и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2019 година

“Службен весник на Република Македонија “ број 238/2018)

2020

Буџетот на Република Македонија за 2020 година

Службен весник на РСМ, бр. 265 од 23.12.2019 година

Изменување  и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2020 година

“Службен весник на РСМ, бр. 262 од 4.11.2020 година

Одлука за прераспределба на средства 2020

Службен весник на РМ, бр. 299 од 17.12.2020 година

Службен весник на РСМ, бр. 97 од 9.4.2020 година

2021

Буџетот на Република Македонија за 2021 година

Службен весник на РСМ, бр307/2020

Одлука за прераспределба на средства 2021 година

Службен весник на РСМ, бр. 273 од 9.12.2021 година

2022

Буџетот на Република Македонија за 2022 година

Службен весник на РСМ, бр. 287 од 20.12.2021 година

Изменување  и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2022 година

„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 287/2021

Одлука за прераспределба на средства 2022 година

Службен весник на РСМ, бр. 272 од 16.11.2022 година

Службен весник на РСМ, бр. 232 од 2.11.2022 година

2023

Буџетот на Република Македонија за 2023 година

Службен весник на РСМ, бр. 282/2022

Одлука за прераспределба на средства 2022 година

Службен весник на РСМ, бр. 264 од 13.12.2023 година

Службен весник на РСМ, бр. 207 од 3.10.2023 година

2024

Буџетот на Република Македонија за 2024 година

Службен весник на РСМ, бр. 283/2023

Изменување  и дополнување на буџетот на Република Македонија За 2024 година

Службен весник на Република Северна Македонија“ број 283/2023

**ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

2023

Службен весник на РСМ, бр. 169 од 15.8.2024 година

2022

Службен весник на РСМ, бр. 272 од 20.12.2023 година

2021

Службен весник на РСМ, бр. 250 од 22.11.2022 година

2020

Службен весник на РСМ, бр. 71 од 22.3.2022 година

2019

Службен весник на РСМ, бр. 89 од 22.4.2021 година

2018

Службен весник на РСМ, бр. 155 од 29.7.2019 година

2017

Службен весник на РСМ, бр. 141 од 30.7.2018 година

016

Службен весник на РСМ, бр. 92 од 24.7.2017 година

2015

Службен весник на РСМ, бр. 128 од 12.6.20216 година

2014

Службен весник на РСМ, бр. 108 од 29.6.2015 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено E pranuar | 24-02-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlerë |
| 55 | 2071 | 1/1 | |


**До:**

**Влада на Република Северна Македонија**
**Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје**
**Слободен пристап до информации контакт**
**Кабинет на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Роми 2022-2030**
**Службени лица за информации од јавен карактер во Генерален Секретаријат:**
**Даниел Николов daniel.nikolov@gs.gov.mk 072/211-180**
**Софија Брајковски sofija.brajkovski@gs.gov.mk 072/388**
**Лица за контакт во Кабинетот на министерот:**
**Адалет Мустафа – ada.mustafa@gs.gov.mk**
**Маја Јовановска Спасеска – maja.spaseska@gs.gov.mk**
**Аднан Несим – adnan.nesim@gs.gov.mk**
**Cabinet.Minister.Saliu@gs.gov.mk**
**Tel: +389(0)2 31210-46**

**Б А Р А Њ Е**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

О/
12/

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ова барање ќе ви биде доставено и по електронски пат на горенаведените емаил адреси. Ве молиме одговорите да ни ги доставите и во електронска
Информациите кои се бараат во ова барање се за период Јануари 2024- Март 2025. Ве молиме како Национален Координатор за Роми и Кабинет задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Роми 2022-2030 да ни доставите одговор на следните прашања:

**Согласно НАП за приоритетна област Образование 2023-2025:**

1. Број на деца Роми запишани во претшколско образование (распределени по пол) за 2024/2025 година?
2. Број на деца Роми кои завршиле претшколско образование (распределени по пол) за 2023/2024 и 2022/2023?
3. Број на ученици Роми запишани во основно образование (распределени по пол) за 2024/2025?
4. Број на ученици Роми кои завршиле основно образование (распределени по пол) за 2022/2023 и 2023/2024?
5. Број на ученици Роми запишани во средно образование (распределени по пол) за 2024/2025?

6. Број на ученици Роми кои завршиле средно образование (распределени по пол и општини) за 2022/2023 и 2023/2024?
7. Број на студенти Роми запишани во високо образование (распределени по пол) за 2024/2025?
8. Број на студенти Роми кои завршиле високо образование (распределени по пол, универзитет и факултет) за 2022/2023 и 2023/2024 во приватните и државни универзитети?
9. Каков е процентот на опфат на деца Роми во предучилишно образование за 2022, 2023, 2024 и 2025?
10. Број на Роми медијатори во предучилишно образование и стручни лица Роми вработени во градинките (разделено по пол и градинки и работна позиција) во 2024?
11. Број на родители на деца Роми приматели на ГМП и минимална плата во 2024?
12. Број на отворени центри за ран детски развој во ромски населби во 2024?
13. Број на вработени Роми наставници во основните училишта во Северна Македонија (разделено по пол, училиште и предметна настава)?
14. Број на вработени Роми наставници во средните училишта во Северна Македонија (разделено по пол, училиште и предметна настава)?
15. Колку работилници биле организирани со родителите Роми во 2024 со цел Подигање на свеста на родителите Роми за потребата од ран детски развој?
16. Колкав е процентот на опсипување на децата Роми во основното образование во 2024 година?
17. Број на ангажирани педагошки помошници во основно образование за децата Роми за учебната 2023/2024 и 2024/2025?
18. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во основно образование за учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025?
19. Ве молам доставете статус на следната активност на Владата- ревидирање на учебниците по изборниот предмет јазик и култура на Ромите од 3 до 5 одделение и изработка на учебници од 6 до 9 одделение (Закон за учебници во основно и средно образование) – Измена на закон во иднина и намалување на критериумите на формирање на рецензентска комисија за учебници по изборниот предмет јазик и култура на Ромите (3 до 9 одделение)?
20. Број на ученици Роми кои ја искористиле можноста и мерката од 10% при упис во средно образование за учебната 2023/2024 и 2024/2025?
21. Број на извршени инспекциски контроли во средните училишта за бројот на ученици Роми на почеток, средина и завршеток на учебна година за учебната 2023/2024?
22. Број на доделени стипендии за ученици Роми од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 и за учебната 2024/2025?
23. Број на ангажирани ромски образовни медијатори во средно образование (разделени по пол, општина)?
24. Каква е искористеноста на квотата за Роми при упис на факултетите, колку Роми ја искористиле квотата за 2023/2024 и за 2024/2025 (разделено по факултети)?
25. Колку Роми добиле стипендија за високо образование за 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по универзитети и факултети)?
26. Дали е изготвена програма за комплетирање на основно и/или средно образование за возрасни Роми во 2024?

27. Број на возрасни Роми кои го комплетирале своето основно и средно образование во 2024 година и од кој фонд (буџетски средства или средства од проект и во рамки на кој проект)?

**Согласно НАП за приоритетна област Култура 2023-2025:**

28. Дали е основан Ромски Културен Центар во рамки на националниот буџет со обезбеден простор од државниот имот? Доколку е истиот основан, ве молам доставете информации за неговото работење?
29. Дали е формирана културна асоцијација на уметници, артисти, музичари Роми?
30. Дали постои дата база на податоци на талентирани млади Роми (историчари, уметници, етнолози, лингвисти), доколку да, ве молам да доставите повеќе информации?
31. .Број на поддржани индивидуални уметници и организации за развој во рамки на националниот буџет за култура во 2024?
32. Број на поддржани културни проекти за Роми во 2024 година од националниот буџет за култура?
33. Број на вклучени Роми во работните комисии во сектор за фолклор и сектор за книга при Министерство за култура?
34. Број на запишани студенти Роми на факултет за уметности во 2023/2024 и 2024/2025 (разделено по пол)?
35. Дали е обезбедена квота за студенти Роми на Факултетите за драмска уметност, музичка култура, ликовна уметност, филмска уметноста?
36. Дали е планирано доделување на награда или признание за несебичен придонес кон негувањето на јазикот и културата на ромската заедница во рамки на националниот буџет за култура?
37. Како финансиски се поддржува развојот на ромската редакција на националната телевизија?
38. Дали Бирото за развој на образованието подготви концепт за историјата на ромската заедница и идентитет кој беше планирано да биде презентиран на наставни активности во одделенијата 5-7 одделение?
39. Дали наставните програми во соодветните предмети за 5-7 одделение имаат воведено содржина за ромскиот идентитет, историја и култура?
40. Дали Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците објавува Годишен конкурс за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија?

**Согласно НАП за приоритетна област Здравство 2023-2025:**

41. Која е стапката на морталитет кај ромската заедница во 2023, 2024 и 2025 година?
42. Наведете ја стапката на смртност помеѓу доенчињата Роми и националниот просек за 2023, 2024, 2025 година?

43. Кој е процентот на опфатеност на жени Роми со гинеколошки услуги (разделено по општини) за 2024 ?
44. Како жените Ромки ја користат Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца во Република Северна Македонија, Ве молам обезбедете извештај за 2024 година?
45. Дали постои советувалишта за унапредување на репродуктивно и сексуално здравје на жените Ромки во социјален ризик и доставете извештај за неговото работење за 2024 година?
46. Број на здравствени медијатори Роми во Северна Македонија за 2024 година (разделени по општини) и извештај за нивната работа за 2024 година?
47. Ве молам известете дали е усогласен начинот на обезбедување на здравствено осигурување за лицата кои немаат комплетна лична документација?

**<u>Согласно НАП за приоритетна област Домување 2023-2025:</u>**

48. Број на ромски населби во општините кои не се урбанизирани, односно за кои општината нема донесено детален урбанистички план? Кои се плановите на општините во насока на урбанизирање на ромските населби?
49. Број на легализирани објекти каде живеат Роми во 2024?
50. Број на нелегализирани објекти каде живеат Роми, односно постапката за легализирање е во тек (податок за 2024)?
51. Дали е донесен Закон за социјално домување, доколку не кога се планира истиот да биде донесен?
52. На кој начин се обезбедува правна и финансиска поддршка за легализирање на бесправно изградени објекти за домување на лица од ромската заедница кои се во социјален ризик?
53. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во корисничката категорија - Лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Роми на Република Северна Македонија?
54. Број на доделени социјални станови на Роми кои аплицирале во сите 6 (шест) кориснички категории согласно Одлуката?
55. Реализирани инфраструктурни проекти (улици, пристап до канализација и слично) во места населени претежно со Ромско население во 2024 година (разделени по буџет-локален, национален или донаторски)?

**<u>Согласно НАП за приоритетна област Граѓанска регистрација 2023-2025:</u>**

56. Број на неевидентирани Роми во редовна матична евиденција заклучно со февруари 2025?
57. Број на Роми без државјанство кои поднеле барања за добивање на државјанство и се здобиле со истото во 2024?

Согласно НАП за приоритетна област Вработување и социјална инклузија 2023-2025:

58. Број на вработени Роми во државна администрација (разделено по институции, пол, работна позиција) заклучно со февруари 2025?
59. Број на вработени Роми во Северна Македонија заклучно со февруари 2025 (разделено по пол, приватен и јавен сектор)?
60. Број на невработени Роми во Северна Македонија заклучно со февруари 2025 (разделено по пол)?
61. Број на регистрирани бизниси раководени од Роми, распределени по пол, заклучно со февруари 2025?
62. Учество на Ромите во активните мерки за вработување, за периодот јануари 2024-февруари 2025?

Согласно НАП за приоритетна област Антициганизам 2023-2025:

63. Број на обучени лица во јавната администрација за антициганизам, заклучно со февруари 2025?
64. Ве молам наведете кои измени на легислатива и/или усогласувања ги има преземено Владата за периодот јануари 2024-февруари 2025 за вклучување на концептот на антициганизам?
65. Каква е улогата на образовните институции во превенцијата на кривични дела од омраза кон Ромите?
66. Кои институции работат на поддршка и реинтеграција на Ромите кои биле жртви на кривични дела од омраза?
67. Како надлежните институции ги след и обработува пријавите за говор на омраза и насилство насочени кон Ромите?
68. Кои мерки за заштита на жртвите на кривични дела од омраза кон Ромите се предвидени во вашите владини политики?
69. Какви мерки превенција се преземаат од страна на надлежните институции за да се спречат кривични дела од омраза кон Ромите?
70. Какви обуки или програми се организирани за судиите и полицајците во врска со препознавање и третирање на кривични дела од омраза кон Ромите?

Согласно НАП за жени и девојчиња Ромки 2022-2024 и Стратегија за родова еднаквост 2022-2027

71. Број на Роми- жртви на семејно насилство (разделени по пол) се евидентирани во системите за 2024 година? Како државата и институциите се справуваат со семејното насилство, кои се мерките за превенција и заштита?

72. Број на Роми-жртви на трговија со луѓе (разделени по пол) се евидентирани за 2024 година и колку од нив биле сместени во шелтер центар? Дали има шелтер центар достапен за жените и нивните деца и дали е достапен на ромски јазик?
73. Број на деца Роми со посебни потреби во државата заклучно со февруари 2025 година? Колку од нив се во регуларно образование?
74. Дали и кои мерки ги презема државата за економско зајакнување на жените Ромки?

<u>Согласно Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030</u>

75. Ве молам обезбедете податоци за предвиден буџет за 2025 година за имплементација на Стратегијата за Роми (разделено по сектори/институции)?
76. Ве молам да не известите за соработката на Кабинетот со донаторите во Северна Македонија, кои заеднички проекти ќе се спроведуваат во следниот период со донаторски средства?
77. Кои се идните планови на Кабинетот за превземање на афирмативни мерки за усогласување на политиките на Владата со Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 со цел унапредување на состојбата на Ромите во Северна Македонија на национално и локално ниво?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
***г) електронски запис***
д) друго------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
***г) е-маил***
д) друго------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер).

Место: Скопје

Датум 21.02.2025

15

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 24. 03. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број Numri | Прилози Shtojca | Вредност: Vlera: |
| 16- | 2226/3 | | |

Архивски број: 35-01
Датум: 24. 03. 2025 година

ДО: Г-ѓа Благица Околиќ, овластено лице од Министер за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски

**Предмет:** Одговор на барање за слободен пристап на информации од јавен карактер
**Врска:** Допис бр. 55-2071/2 од 07.03.2025 година од Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, Сектор за правни работи

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за информации согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер кое се однесува на барањето поднесено од

Скопје, а кое барање до Министерството за транспорт е проследено преку Владата на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, Сектор за правни работи под бр. 55-2071/2 од 07.03.2025 година, Секторот за станбено-комунални работи и инфраструктура Ви ги доставува следните податоци/информации:

Со прашањата нумерирани под бр. 53 и 54 се бараат податоци кои се однесуваат на распределбата и доделувањето на социјалните станови под закуп кои се изградени по Проектот за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674 и истите се наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи кои се станбено необезбедени.

Овие социјални станови се распределуваат и доделуваат под закуп врз основа на „Одлука за распределба на социјални станови, како и условите за нивно користење изградени по Програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија" („Службен весник на РСМ" бр. 37/22 и 38/22).


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Согласно оваа одлука - Корисници на социјални станови може да бидат следните категории на граѓани кои се станбено необезбедени:

1. Деца без родители или родителска грижа - лица над 18 години кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици за згрижување за деца без родители;
2. Корисници на правото на гарантирана минимална помош;
3. Лица погодени од елементарни - природни непогоди без разлика на правниот статус на нивните постојни (примарни) живеалишта;
4. Лица со попреченост и семејства со лица со попреченост;
5. Лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Ромите на Република Северна Македонија и
6. Самохрани родители со малолетни деца.

- **Податоци/информации по однос на прашањето под бр. 53**

Согласно податоците со кои располага Министерството за транспорт во корисничката категорија 5. Лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Ромите на Република Северна Македонија, досега распределени/доделени се 25 стана.

- **Податоци/информации по однос на прашањето под бр. 54**

Министерството за транспорт не е во можност да даде податоци за вкупниот број на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп а кои аплицирале во сите 6 (шест) кориснички категории од горенаведената одлука, од причина што не располагаме со податоци за етничката припадност на апликантите односно податоци по националност.

Имено, видно од категориите кориснички групи за лицата припадници на Ромската заедница определена е посебна категорија во која истите можат да аплицираат како лица кои се изјасниле дека припаѓаат на Ромската етничка заедница, меѓутоа лицата од Ромската етничка заедница аплицираат и во другите категории на кориснички групи, односно онаму каде што тие сметаат дека ќе освојат најмногу бодови, што во пракса и најчесто се случува.

- **Податоци/информации по однос на прашањето под бр. 55**

Во текот на 2024 година, на предлог на Министерството за транспорт од страна на Владата на Република Северна Македонија донесена е Програма за подршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/23).

Средствата за реализација на оваа Програма беа утврдени со Буџетот на Министерството за транспорт за 2024 година во износ од 20 милиони денари, и истите беа наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население.

Корисници на овие средства се единиците на локалната самоуправа во кои има места населени претежно со Ромско население.

Врз основа на оваа Програма, Министерството за транспорт објави јавен повик - со кој ги повика единиците на локалната самоуправа да поднесат барање за користење на средствата од Буџетот на Министерството за транспорт за 2024 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

Врз основа на поднесените барања и приложената документација, а по спроведената постапка согласно одредбите од Програмата, Министерството за транспорт достави до Владата на Република Северна Македонија Предлог - Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

Од страна Владата на Република Северна Македонија донесена е Одлука за распределба на средствата објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 199/24.

Со оваа одлука, се изврши распределба на средства во износ од 20.000.000,00 денари, како средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, утврдени во Раздел 130.01 Министерство за транспорт, Програма 1 Администрација, Потпрограма 11 – Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Овие средства како капитални дотации од страна на Министерството за транспорт се префрлија на посебни наменски сметки до 16 (шеснаесет) општини кои се наведени во табеларниот преглед:

| Реден бр. | Општина | Проект | Износ на средства за проектот (денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | БИТОЛА | Реконструкција на водовод, канализација и коловоз за улица Караорман во населба Баир, Битола | 1.822.197,00 |
| 2. | ШУТО ОРИЗАРИ | Рехабилитација на улица Овчеполска крак 1, крак 2 и крак 3, Општина Шуто Оризари | 1.645.564,00 |
| 3. | ШУТО ОРИЗАРИ | Реконструкција и подобрување на улица Брегалница, Општина Шуто Оризари | 1.507.444,00 |
| 4. | ЗЕЛЕНИКОВО | Реконструкција на дел од крак 2 од фекална канализација во село Зелениково, Општина Зелениково | 1.335.859,00 |
| 5. | ВИНИЦА | Реконструкција на ул. Иво Лола Рибар и ул. Македонска во Виница | 1.244.727,00 |
| 6. | КРИВА ПАЛАНКА | Реконструкција на дел од улица Пиринска од спој со улица Св. Јоаким Осоговски до поранешен ресторан Ловечки, Општина Крива Паланка | 1.231.940,00 |
| 7. | КОЧАНИ | Реконструкција на дел од улица Партизанска | 1.172.882,00 |
| 8. | КАВАДАРЦИ | Изградба на улици, потпорна конструкција и улична расвета на ул. Ѓорѓи Соколов, Општина Кавадарци | 1.122.811,00 |
| 9. | НЕГОТИНО | Реконструкција на улица во село Криволак во должина од 350 м во Неготино | 1.112.651,00 |
| 10. | БЕРОВО | Реконструкција на Крак 1 и Крак 2 од улица Јане Сандански во Берово | 1.106.021,00 |
| 11. | СТРУМИЦА | Реконструкција на ул. 5-и Ноември во стар урбан блок 6, на потег од ул. Славчо Стојменски до ул. Ѓорѓи Василев, Струмица | 1.100.811,00 |
| 12. | РАНКОВЦЕ | Реконструкција на локален пат во с. Ранковце-Зерди Дуб, Општина Ранковце | 1.097.582,00 |
| 13. | ВАСИЛЕВО | Изградба на фекален канализационен систем на с. Василево колектор К3 км 0+428 до км 0+839,4 и К68, Општина Василево | 1.092.588,00 |
| 14. | ДЕЛЧЕВО | Реконструкција на дел од улица Илинденска до спој со улица Солунска, Општина Делчево од стационажа км 0+0,000 до стационажа км 0+250,86 | 990.606,00 |
| 15. | ПЕХЧЕВО | Реконструкција на улица во село Црник, Општина Пехчево | 859.908,00 |
| 16. | ШТИП | Изградба на улица Димо Хаџи Димов, Штип | 826.682,00 |
| 17. | ЈЕГУНОВЦЕ | Изградба на улица во н.м. Јегуновце, Општина Јегуновце | 729.727,00 |
| | | ВКУПНО: | 20.000.000,00 |

Раководител на сектор
Раде Кецман

Изготвил: Сузана Камческа


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

28-07-2025
55 2127/1

( Образец ПП......)

**До: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:
адреса:
Лице за
Телефо

дреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Имиња и презимиња, како и биографии на шефовите на кабинети во одделните министерства и Владата, односно кабинетот на Генералниот секретар на Владата, како и датумот на нивното назначување/стапување на функција.
2. Имиња и презимиња, како и биографии на политичките советници во министерствата, Владата, односно кабинетот на Генералниот секретар на Владата и Кабинетот на претседателот на Владата како и датумот на нивното назначување/стапување на функција.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Одделение за управување со човечки ресурси

**Број:16-1898/3**
**Датум:14.03. 2025 година**

**До: Благица Околиќ - По овластување на Министер, лице за посредување со информации од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерство за транспорт**
**-ТУКА-**

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за информација од јавен карактер од [redacted] за управување со [redacted] Ве известуваме следново:

- Во врска со прватa точка која се однесува на „Имиња и презимиња, како и биографии на шефови на кабинети во одделните министерства и Владата, односно кабинетот на Генералниот секретар на Владата, како и датумот на нивното назначување/стапување на функција“ и вторaта точка која се однесува на „Имиња и презимиња, како и биографии на политичките советници во министерствата, Владата, односно кабинетот на Генералниот секретар на Владата и Кабинетот на претседателот на Владата како и датумот на нивното назначување/стапување на функција“, Ве информираме дека Министерство за транспорт согласно Правилникот за систематизација на работни места нема предвидени односно нема систематизирани работни места со назив на работно место шеф на кабинет ниту работни места со назив на работно место политички советник.

Со почит,

**По овластување**
**Раководител на Одделение**
**за управување со човечки ресурси**
**Билјана Мојсовска Милеска**

Изработил: Саура Хајдари


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497 www.mtc.gov.mk
ИСО 9001:2015 МТЦ-07-3П-01

**До**

**Министерство за транспорт**

Ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр. 4

2. Дали при планирањето на трасата се земени предвид стратешките документи за хидроенергетски развој, вклучително и проектот „Вардарска долина", кој е дел од зелената транзиција и енергетската визија на Македонија?

3. Дали Министерството ја разгледувало можноста за адаптација на трасата на пругата на начин што би овозможил истовремена реализација и на железничката инфраструктура и на проектот „Вардарска долина"?

4. Дали постои стручна анализа, студија или мислење што покажува дека трасата може да се модифицира без значително зголемување на трошоците, а со зачувување на капацитетите и просторот потребен за изградба на хидроелектраните?

5. Дали Министерството направило проценка на штетата што би произлегла поради евентуалното оневозможување на изградбата на 12-те предвидени хидроелектрани долж Вардар, како последица на изборот на трасата на пругата?

6. Дали проектот „Вардарска долина" е официјално определен како национален енергетски објект од категорија А? Ако да, како Министерството ја обезбедува усогласеноста на трасата со законските ограничувања кои важат за неповредливост на објекти од оваа категорија?

7. Зошто Македонија инвестира 2 милијарди евра во пруга што ќе поддржува само брзини до 160 км/ч, кога европските земји веќе стандардно проектираат железнички коридори за брзини од 300–350 км/ч? Зошто инвестираме во пруга која ќе биде застарена уште пред да се изгради? Кој ќе сноси одговорност ако за 10 години пругата стане технолошки застарена и некомпатибилна со развојните текови во регионот и Европа, само од причина што избраната траса долж долината на Вардар поради географијата не дозволува понатамошно осовременување?

8. Дали е направена анализа на геометриските ограничувања на трасата низ долината на Вардар (кривини, радиуси, теренски бариери) и нивното влијание врз можноста за идно зголемување на брзините до брзини од 250+ км/ч?

9. Колку пати досега е направен инженерски или теренски увид во алтернативни траси – особено преку Штип, Радовиш и Струмица – кои имаат подобри геометриски услови, помала населеност и потенцијал за повисоки брзини и зошто министерството не се одлучило за таа траса?

10. Зошто до денес не е организирана јавна стручна расправа во која би се анализирале различни опции за трасата на брзата пруга?

11. Дали Министерството планира да ги вклучи универзитетите, инженерската и експертската фела, како и граѓанскиот сектор, во евентуалниот процес на ревидирање на трасата – со цел да се осигура долгорочна одржливост, технолошка современост и усогласеност со другите национални стратегии?

12. Според Министерството, кој е поголем стратешки приоритет за Македонија: Брзина од 160 км/ч по старите кривини на Вардар, или трајна, чиста и сопствена енергија преку реализација на „Вардарска долина" и дали државата може да си дозволи да избере само едно од овие две?

Бараме наведените информации да ни бидат доставени во електронска форма преку е-пошта или во писмена форма, согласно законски предвидениот рок и согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Во Скопје, 12.06.2025 година**

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Архивски број:16-6335/2

Датум:13.08.2025 година

Почитуван,

Во врска со Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер поврзано со трасата за идната брза железничка пруга и проектот „Вардарска долина", Ве известуваме следното:

Согласно Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во врска со партнерство за реализација на инфраструктурни проекти („Службен весник на Република Северна Македонија" број 113 од 04.06.2025 година), во Анексот А од Договорот, предложени се приоритетни проекти кои што ќе бидат опфатени со овој Договор, односно за секторот транспорт е предложен проектот за Брза пруга долж Транспортен Коридор X.

Владата на Република Северна Македонија на својата 82-ра Седница одржана на 10.06.2025 година го задолжи Министерството за финансии да достави барање за покажување на интерес за финансирање на изградбата на брзата пруга долж Коридорот X, до Меѓународните Финансиски Институции/Комерцијални банки. Постапката за избор на најповолна финансиска понуда е во тек.

Владата на Република Северна Македонија на својата 98 Седница одржана на 01.08.2025 година го задолжи Министерството за транспорт да отпочне со


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

реализација на проектот: Изградба на брзата пруга долж Коридорот 10, фаза изработка на подготвителна техничка документација.

Не е предвидено да се поклопи со проектот Вардарска Долина.

Како ќе се развива проектот така ќе ја информираме јавноста транспарентно.

Со почит,

По овластување на Министер,

Благица Околиќ


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

( Образец ПП……)

**До: Државен инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**-како орган за контрола на општинските градежни инспектори при општина Кочани Бараме да ни доставите информаци дали од страна општинските градежни инспектори при Општина Кочани во периодот од 2017 до 2022 година се изработувани месечени и годишни планови за работа, како и дали истите се доставувани до Вас како надлежен орган за контрола;**

**-доколку за претходно наведнеиот период се изработувани месечни и годишни планови за работа за горе наведениот период со ова барање бараме истите да ни ги доставите;**

**-доколку не се иразботувани месечни и годишни планови за работа бараме да ни доставите информации Вие како орган надлежен за контрола што имате преземано против истите.**

(опис на информацијата која се бара)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm - Shkup

| Примено: Pranuar me: | 16.07.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 76 | 301 | | |

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго препис верен на оригинал

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Кочани 04.07.2025 година .**

25

**Blagica Okolic**

**From:** contact@digu.gov.mk
**Sent:** Monday, August 4, 2025 1:28 PM
**To:** Blagica Okolic
**Subject:** Барање информација од јавен карактер
**Attachments:** info od JK 76-301_000001.pdf

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup
Примено / Pranuar: 04.09.2025
16-6646/1

Почитувани,

Во прилог Ви доста
Карев бр. В 2300 Кочани.
Во однос на бараната информација Ве информираме дека ДИГУ нема
планови за работа за период од 2017 до
2022 година, ниту имаат обврска овластените градежни инспектори да доставуваат планови од ваков вид.
Бараната информација ја поседува Инспекцискиот совет како доставена од овластен градежен инспектор и Градоначалникот на општина Кочани како донесувач на годишни, месечни планови.

Со почит,

М-р Саура Хајдари
Соработник

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

09.09.2025 година

**Архивски број:** ~~16-6446/2~~ 16-6646/2

**До:**

**Предмет:**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам – Скопје нема информација за месечни и годишни планови за работа од период од 2017 до 2022 година, нити имаат обврска овластените градежни инспектори да доставуваат планови од ваков вид. Бараната информација ја поседува Инспекцискиот совет како доставена од овластен градежен инспектор и Градоначалникот на општина Кочани како донесувач на годишни, месечни планови.

**Со почит,**

**Благица Околиќ**

**Овластено лице од Министер за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт**



Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

До
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
(имател на информацијата)
Ул. Бул: „Гоце Делчев“ бр.18
1000, Скопје

**БАРАЊЕ**
**за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на членовите 3 и 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), до имателот доставувам Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**1. Копии од записници за редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор извршени во 2024 година.**

2. Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

До

Државен инспекторат за градежништво и урба

ДОПОЛНУВАЊЕ

на Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

контролен инспекциски надзор извршени во 2024 година“.

Според член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот по известувањето за потребата од дополнување на барањето, Ви испраќа дополунвање на барањето кое гласи:

„Копии од записници од редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор извршени во 2024 година за градби од втора категорија, во обласа градежништво“.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Бр.-Nr. ____________
____________ 20 ___ год.-viti
Скопје - Shkup

арх. бр. 16-6371/2

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), Министерството за транспорт донесе:

## РЕШЕНИЕ

заведено под бр.16-6371/1 од 13.08.2025 година СЕ УВАЖУВА.

### Образложение

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам Скопје барателот , достави Барање за пристап до информации од јавен карактер со следната содржина:

„Копии од записници за редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор извршени во 2024 година.“

Постапувајќи по барањето, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како имател на информации констатира дека располага со бараните информации, во прилог Ви го доставувам нивниот одговор.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Благица Околиќ

По овластување на Министер, лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 01.08.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera |
| 16 – | 6196/1 | | |

До: Министерство за транспорт
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Одобрение за градење на ветерен парк на инвестицискиот фонд „Алказар енерџи партнерс“

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 28.7.2025 година.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

**Архивски број: 16-6196/2**

**Предмет:Известување**

Почитуван,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.16-6196/1 од 01.08.2025 година, кое се однесува за Одобрение за градење на ветерен парк на инвестицискиот фонд „Алказар енерџи партнерс", Ве известуваме дека бараното одобрение има податоци кои според Законот за заштита на лични податоци не се од јавен карактер.

Со почит,

По овластување на Министер
Благица Околиќ



Министерство за транспорт
Република Северна Македонија

Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4,
1000 Скопје

+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

**БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**До:**

~~Општина Битола~~
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm - Shkup

| Примено: Pranuar më: | 15. 08. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 76 | 334 | | |

**Датум:** 08-2025

**Предмет:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве молам да ми ги доставите следните информации во врска со постапката за бесправната градба пријавена на следната адреса:

**Барам да ми бидат доставени следните информации:**

- **Број, датум и содржина на донесеното решение за отстранување на градбата.**
- **Информација дали решението е правосилно и дали против него е водена жалбена постапка.**
- **Дали е започната постапка за извршување на решението – и ако е, кои се преземените дејства.**
- **Кои инспекциски надзори се извршени, со датуми и записници (доколку постојат).**
- **Дали е водена постапка за легализација и ако е – кој е статусот.**

Барам информацијата да ми биде доставена: ☑ во електронска форма, на горенаведената е-пошта
☐ во писмена форма, на горенаведената адреса

Во согласност со Законот, очекувам да добијам одговор во рок од 30 дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 10. 09. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 16- | 6680/1 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

26.09.2025 година

Архивски број:16-6680/2

Предмет:Одговор на барањ

Почитуван г-дин Ѓоршевски,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, за бесправна градба пријавена на ул.Бошко Најдовски бр.19а парцела бр.10423, Министерството за транспорт не располага со бараните информации. Ве известуваме дека имател на бараните податоци е општина Битола.

Со почит,

Благица Околиќ
Овластено лице од Министер за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт



Министерство за транспорт
Република Северна Македонија

Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4,
1000 Скопје

+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

28

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 10.09.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera |
| 16- | 6681/1 | | |

Прилог 1 ...
Рок на чување / Afati i ruajtjes ...
... 20 ... год./vit.
... (потпис) ...

( Образец ПП……)

До: МТВ - ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: ВЕ МОЛИМЕ ДА НИ ДОСТАВИТЕ
1. БАРАЊЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ОД О.ШИШКОВ бр. 11-2858/4 10.10.24
2. ИЗВЕСТУВАЊЕ ВАШ бр. 09-546/1 од 21.11.2024 г.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- (г) електронски запис
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm - Shkup

| Примено: Pranuar më: | 17.07.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numer | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 76 | 303 | | |

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго ____
(се на

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во 17.07. , ____ 2025 година .

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

**Архивски број: 16-6681/3**

**До:**

**Предмет:**

Почитуван г-ди

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, за доставување на барање за постапување од Општина Илинден бр.11 -2558/4 од 10.10.2024 година и Известување ваш бр.09-546/1 од 21.11.2024 година, Министерството за транспорт не располага со бараните податоци. Ве известуваме дека оваа информација ја поседува општина Илинден.

**Со почит,**

**Благица Околик**

**Овластено лице од Министер за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт**



Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

**ЗАПИСНИК**
**за извршен инспекциски надзор**

ИП1 Број: 12-365

Датум: 13.05.2025 година

1)Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | ОПШТИНА ИЛИНДЕН Илинден | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. 9 бр. 38 Илинден | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | 5995892 | |
| Даночен број на субјектот | 4030004559151 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Александар Георгиевски-Градоначалник | | ilinden@ilinden.gov.mk |

2)Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | | 01.04.2025 година | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | | 12.05.2025 година | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ОПШТИНА ИЛИНДЕН | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 84.11 Општи дејности на јавната управа | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. 9 бр. 38 Илинден | | |

3)Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец година;
2. **налог издаден од раководителот на инспекциската служба, 12-365 од 07.03.2025 година;**
3. записник/решение за извршен инспекциски надзор број__________од__________ година.

4)Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и вид на инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

-Елена Маѓеровска Паликарова - советник инспектор,

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

-Превземени се инспекциски дејствија согласно член 15-а и член 17 став 2 од Законот за управната инспекција ("Службен весник на Република Македонија" број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015,53/2016 и 11/2018), Закон за инспекциски надзор (,, Сл. весник на РМ бр. 102/19), Закон за општата управна постапка (,, Сл. весник на РМ бр. 124/15), а по поднесена Претставка од од Иван Тошевски од Скопје ,Бул.В.Смиллевски.Бато бр.39/1-64,преку полномошник Габриела Јакшевски –адвокат од Скопје заведена под наш Ип1 бр.12-365 од 07.03.2025 година во која е изразено незадоволство по однос на поднесено Барање , примено во општина Илинден на ден 17.02.2025 година, Барање примено во општина Илинден на ден 17.02.2025 година, дополна на барање примено во општина Илинден на ден 18.02.2025 година, Итно барање за обезбедување на документ до Иван Тошевски-Укажување примено во општина Илинден на ден 24.02.2025 година.

**Основ:** Член 2 и член 15-б и член 17 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15, 53/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21) .

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

4. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,

5. **Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината)**

- затоа што се врши вонреден инспекциски надзор

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Александаг Георгиевски | | ilinden@ilinden.gov.mk |

8)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| 1. Тихомир Игњатовски | Секретар |
| 2. Тања Маневска Николовска | Советник во одделение за човечки ресурси |

9)Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор и се легитимира со службена значка и легитимација.

Управен инспектор со должно внимание ја разгледа Иницијативата за вршење на вонреден инспекциски надзор и прилозите кон истата и при увидот утврди дека од страна на полномошникот на Иван Тошевски од Скопје не е доставено полномошно, а за да може да отпочне со вонредниот инспекциски надзор потребно е да од страна на полномошникот истото биде доставено. Со оглед на погоренаведеното управен инспектор до Габриела Јакшевски адвокат од Скопје достави Известување за дополнување Ип1 бр.12-365 од 13.03.2025 година ,уредно примено од нејзина страна на ден 20.03.2025 година –видно од повратен рецепис.

Од страна на управен инспектор при Државен управен инспекторат согласно Законот за управната инспекција до субјектот на надзор е доставено Барање податоци за постапување по предмет Ип1 бр.12-365 од 01.04.2025 година , примено од страна на субјектот на надзор на ден 14.04.2025 година-видно од повратен рецепис.

Меѓутоа од увидот во доставениот писмен допис управен инспектор констатираше дека не е доволен за да целосно и правилно се утврди фактичката состојба,поради што на ден 12.05.2025 година изврши непосреден вонреден инспекциски надзор во општина Илинден.Пред отпочнување на инспекциски непосреден вонреден надзор управниот инспектор најпрво се легитимираше со службената значка и легитимација.

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

10)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

1.Писмен допис-Одговор означен со архивски број 03-1062/2 од 23.04.2025 година од општина Илинден , примено и заведено во Државен управен инспекторат под Ип1 бр.12-365 од 28.04.2025 година.
Доставениот податок , не е доволен за утврдување на целосна и правилна фактичка состојба , поради што на ден 12.05.2025 година, извршен е непосреден инспекциски надзор при што е извршен увид во следните акти:
1.Известување со Барање од општина Илинден Одделение за инспекциски надзор општински комунален инспектор. означен со архивски број 11-2558/1 од 10.10.2024 година , до Одделение за урбанизам, просторно планирање и градежно земјиште.
2. Известување од општина Илинден означен со архивски број 11-2558/2 од 10.10.2024 година , до Општина Илинден Одделение за инспекциски надзор општински комунален инспектор.
3.Укажување од општина Илинден Одделение за инспекциски надзор означен со архивски број 11-2558/3 од 10.10.2024 година , до Иван Тошевски од Скопје и ДПТУ Профи Компани ДОО увоз-извоз Скопје.
4.Барање за постапување од општина Илинден означен со архивски број 11-2558/4 од 10.10.2024 година , до Министерство за внатрешни работи ПО Петровец и Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, уредно доставено до нив на ден 13.10.2024 година-видно од приемна книга за пошта.
5.Ургенција од општина Илинден означен со архивски број 11-2558/5 од 06.11.2024 година , до Министерство за внатрешни работи ПО Петровец и Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.
6.Известување од Државен инспекторат за градежништво и урбанизам бр.09-546/1 од 21.11.2024 година , примено во општина Илинден под бр.11-2558/6 од 28.11.2024 година.
7.Известување, документација,бара од Министерство за внатрешни работи ,Сектор за внатрешни работи,Единица за економски и комјутерски криминал Скопје рег.бр.23.21.16.1-4921 од 13.12.2024 година , примено во општина Илинден под бр.12-3248 од 18.12.2024 година.
8.Одговор по Известување, документација ,бара Ваш бр.23.21.16.1-4921 од 13.12.2024 година од општина Илинден означен со архивски број 11-3248/2 од 25.12.2024 година , до Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи –Скопје,Единица за економски и компјутерски криминал.
9.Известување, документација,бара од Министерство за внатрешни работи ,Сектор за внатрешни работи,Единица за економски и комјутерски криминал Скопје рег.бр.23.21.16.1-618 од 20.02.2025 година , примено во општина Илинден под бр.12-622/1 од 26.02.2025 година
10.Известување од општина Илинден означен со архивски број 11-622/2 од 26.02.2025 година , примено во Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи –Скопје,Единица за економски и компјутерски криминал на ден 28.02.2025 година.
11.Барање од Иван Тошевски од Скопје , преку полномошник Габриела Јакшевски адвокат од Скопје, примено во општина Илинден под бр.03-532/2 од 17.02.2025 година со прилози.
12.Барање од Иван Тошевски од Скопје , преку полномошник Габриела Јакшевски адвокат од Скопје, примено во општина Илинден под бр.03-532/1 од 17.02.2025 година со прилози.
13.Барање од Иван Тошевски од Скопје , преку полномошник Габриела Јакшевски адвокат од Скопје, примено во општина Илинден на ден 17.02.2025 година со прилог.
14. Дополна на Барање од Иван Тошевски од Скопје , преку полномошник Габриела Јакшевски адвокат од Скопје, примено во општина Илинден под бр.03-532/3 од 18.02.2025 година со прилози.
15.Итно барање за обезбедување на документ до Иван Тошевски-Укажување од Иван Тошевски од Скопје , преку полномошник Габриела Јакшевски адвокат од Скопје, примено во општина Илинден под бр.03-532/4 од 24.02.2025 година со прилози.

-врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

**2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор:**

Од извршениот увид во доставените и приложените списи на денот на надзорот од страна на присутните службени лица, управен инспектор констатира дека се утврдени недостатоци,писмениот допис- Укажување од општина Илинден Одделение за инспекциски надзор означен со архивски број 11-2558/3 од 10.10.2024 година , не е доставен до Иван Тошевски од Скопје, односно на денот на надзорот не беше приложен доказ за уредна достава на истиот,**што е спротивно на член Глава XI Известување и достава од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на РМ бр.124/15).**

**Република Северна Македонија**

# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на погоре наведеното за констатираниот недостаток согласно член 17 од Законот за управната инспекција од страна на управен инспектор ќе се донесе решение во кое ќе се изрече инспекциска мерка со рок за отстранување на истиот согласно закон.

При изрекувањето на инспекциската мерка инспекторот се раководи од начелото на превенција и начелото на пропорциналност како основни начела на инспекцискиот надзор утврдени во Законот за инспекциски надзор и согласно овластувањата утврдени во Законот за управната инспекција.

Поради обемот и сложеноста на содржината на записникот истиот е составен во просториите на Државен управен инспекторат во Струмица согласно член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

-

| | | |
|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | Печат и потпис на инспекторот | Советник инспектор Елена Маѓеровска Паликарова |
| Датум: | Датум: | 13.05.2025 година |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Државниот управен инспекторат преку, Елена Мағеровска Паликарова со службена легитимација број 14-0027 изврши редовен/**вонреден**/контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Општина Илинден–и со Записник Ип1 број 12-365 од 13.05.2025 година, ја утврди фактичката состојба, при што врз основа на член 17 став 2 од Законот за управна инспекција (,,Сл.весник на РМ ,,бр.69/04, 22/07, 115/07, 51/11...53/16,11/18),а во врска со член 83 став 2 од Законот за инспекциски надзор, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**1.СЕ ОПОМЕНУВА** Александар Георгиевски-Градоначалник на општина Илинден да превземе мерки, дејствија и активности во насока на отстранување на констатираниот недостаток утврден во Записник Ип1 бр.12-365 од 13.05.2025 година и тоа:

**1.1** Писмениот допис- Укажување од општина Илинден Одделение за инспекциски надзор означен со архивски број 11-2558/3 од 10.10.2024 година уредно да се достави до Иван Тошевски од Скопје,**согласно на член Глава XI Известување и достава од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на РМ бр.124/15).**

**Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1.1 на ова решение, изнесува 7 ( седум) дена од денот на приемот на решението.**

2.Субјектот на инспекциски надзор, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна **во рок од три дена**, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3.Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Државниот управен инспекторат врз основа на член 71 од Законот за инспекциски надзор преку управниот инспектор Елена Мағеровска Паликарова со службена легитимација број 14-0027 изврши редовен/**вонреден**/контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, за што состави Записник Ип1бр.12-365 од 13.05.2025 година во кој е констатиран следниот недостаток:

1. Од извршениот увид во доставените и приложените списи на денот на надзорот од страна на присутните службени лица, управен инспектор констатира дека се утврдени недостатоци,писмениот допис- Укажување од општина Илинден Одделение за инспекциски надзор означен со архивски број 11-2558/3 од 10.10.2024 година , не е доставен до Иван Тошевски од Скопје, односно на денот на надзорот не беше приложен доказ за уредна достава на истиот,што е спротивно на член Глава XI Известување и достава од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на РМ бр.124/15).

Записникот Ип1бр.12-365 од 13.05.2025 година согласно со член 82 став 4 од Законот за инспекциски надзор со допис Ип1 бр.12-365 од 13.05.2025 година беше доставен до субјектот на надзорот на ден 22.05.2025 година–видно од повратен рецепис.Во оставениот законски рок од 8 дена од приемот истиот не е вратен.

При изрекување на инспекциската мерка дадена во точка 1, 1.1 од диспозитивот на ова решение управниот инспектор се раководеше од начелото на превенција и начелото на пропорциналност како основни начела на инспекцискиот надзор утврдени во Законот за инспекциски надзор и согласно овластувањата утврдени во Законот за управната инспекција.

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно чл.18 став 2 од Законот за управна инспекција.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за управна постапка,постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен од областа, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Државен управен инспекторат под Ип1број 12-365 од 12.06.2025 година.

Елена Мағеровска Паликарова
број на службена легитимација 14-0027


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр.5 кат 1 , Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

з-ИЗВОЗ
је

Предмет: Укажување

Почитувани,

Ви укажуваме дека н
Илинден м.в Ограла кое се наоѓа во Ваша сопственост
отпочнување на градежни
нтација согласно Законот за градење (Сл.весник на Р.М бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13, 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14;149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16; 132/16; 135/18,64/18 и 168/18) и (Сл.весник на Р.С.М бр.244/19,18/20,279/20 и 227/22), од член 83 став 1 – кој гласи: Изведувачот е должен градилиштето да го загради заради спречување на неконтролиран пристап во градилиштето со соодветна ограда на начин што работата во градилиштето нема да ги загрози минувачите).

Бидејќи извршените градежни работи се изведуваат на отворен простор, кој е незаштитен, необележан и без соодветни знаци постои директна опасност за загрозување на безбедноста на минувачите.

Од горенаведените причини е потребно **ВЕДНАШ** да извршите затрупување на отворениот простор, враќање на местото во првобитна состојба и уредување на просторот, а со изведување на градежни активности согласно Законот за градење може да отпочнете по прибавување на целосна документација за градење од Општина Илинден.

Исто така во рок од 5(пет)дена од приемот на ова укажување е потребно да извршите вадење на бекатон плочки на површина од 300м2 на дел од КП
Илинден земјиште кое е во сопственост на РМ утврдено од имотен лист
односно да извршите враќање на местото во првобитна состојба
сторот бидејќи се извршени градежни активности од Ваша страна без
вање на соодветна документација од страна на надлежен орган.

За непочитување на ова укажување ќе бидат превземени сите законски мерки согласно важечката законска регулатива.

Со почит,

Арх.бр: 11-2558/3
Дата: 10.10.2024год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Одделение за инспекциски надзор
-Инспекторат-
Раководител
Сашо Ристовски

1/1